У-5.бр.762/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Билјана Никодиновска Петровска како судија поединец со записничар Едита Исахи- помлад судски соработник одлучувајќи по барањето за времена мерка на тужителот ДПСУ РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово изјавена преку полномошник Златка Денковска адвокат од Скопје, против Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година , за јавна набавка на јавната расправа одржана на ден 02.07.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот ДПСУ РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово за времена мерка со која бара одложување од извршување на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година по огласот бр.5354/2021 и одлагање од извршување на Договорот за јавна набавка под број 13-1956/11 од 20.05.2021година, до правосилно завршување на поведениот управен спор, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 на тужителот ДПСУ РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово жалбата изјавена против тендерската документација изготвеа по Огласот за јавна набавка од мала вредност со склучување на рамнковна спогодба со еден економски оператор бр.5354/2021 за набавка на услуги- набавка на услуги за процена на договорниот орган на Општина Кавадарци одбиена е како неоснована.

Незадоволен од целокупната постапка на тужениот орган, тужителот поведе управен спор со предлог за времена мерка, при што побара од судот да ја уважи тужбата , Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година , да го поништи и да одлучи на начин што ќе ја уважи жалбата на тужителот и ќе го одложи од извршување на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година по огласот бр.5354/2021, како и одлагање од извршување на Договорот за јавна набавка под број 13-1956/11 од 20.05.2021 година ,до правосилно завршување на поведениот управен спор.

Со тужбата тужителот истакна посебно барање за донесување времена мерка, заведено под У5.бр.762/21 во кое тужителот бара одложување од извршување на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година по огласот бр.5354/2021 и одлагање од извршување на Договорот за јавна набавка под број 13-1956/11 од 20.05.2021година,до правосилно завршување на поведениот управен спор, ,од причини што на истиот би му се нанела штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес Предложи Судот да донесе решение за времена мерка, со кое ќе се одложи извршувањето на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-412//9 од 22.04.2021 година по огласот бр.5354/2021 и одлагање од извршување на Договорот за јавна набавка под број 13-1956/11 од 20.05.2021година,до правосилно завршување на поведениот управен спор,